Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ВРАБОТЕНИ ВО МЕДИУМИТЕ

## Член 1

Со ова уредба со законска сила, се уредуваат условите, начинот и постапката на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработените во медиумите кои работеле и известувале за надминување на состојбата со COVID-19 за време на траење на вонредната состојба, за месец јуни, јули и август 2020 година.

## Член 2

Одделни изрази употребени во оваа уредба со законска сила го имаат следново значење:

1)„Обврзник за пресметка и уплата на придонесите“ е работодавачот- медиумот согласно Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување ( во натамошниот текст: работодавач - медиум).

2) „Осигуреник“ е физичко лице задолжително осигурено според законите кои го уредуваат системот на задолжително социјално осигурување.

## Член 3

На работодавачот - медиум, за секој осигуреник за месец јуни, јули и август 2020 година му се субвенционира 100% од износот за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување.

## Член 4

(1) Субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување од членот 3 на оваа уредба со законска сила, се врши за оној работодавач- медиум кој не отпуштил ниту еден вработен со состојба на 15 март 2020 година заклучно со последниот ден за кој користел субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување, освен заради:

1. пензионирање и смрт на работник;
2. откажување на договорот за вработување од страна на работникот;
3. откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски;
4. спогодбено преземање на работник;
5. престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда ;
6. престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа и
7. бројот на вработените кај работодавачот- медиум на денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила да не е под три лица.

(2)Покрај условите од ставот (1) на оваа уредба со законска сила, исплатената плата на осигуреникот за месец февруари 2020 година, за кој се обезбедува субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување да не е намалена во периодот на користењето на субвенционирањето и два месеци потоа.

Член 5

(1) За остварување на правото од член 3 од оваа уредба со законска сила, работодавачот- медиум поднесува Барање за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување до Управата за јавни приходи.

(2) Во Барањето од ставот (1) на овој член, работодавачот- медиум приложува Изјава од застапникот по закон за исполнетоста на условите од членот 4 од оваа уредба со законска сила.

(3) Поднесувањето на Барањето од ставот (1) на овој член, се врши преку системот Е-даноци на Управата за јавни приходи, а комплетното барање од ставот (1) на овој член, го проверува и потврдува Управата за јавни приходи, во рок од пет дена од денот на неговото поднесување.

(4) Барањето од ставот (1) е дадено во прилог и е составен дел на оваа уредба со законска сила.

(5)Работодавачот – медиумот може да користи субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно оваа уредба со законска сила, доколку:

- медиумот имаат дозвола за телевизиско или радио емитување, доделена од страна на Агенцијата за аудиовизуелни медиумски услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата) и се регистрирани во регистарот на телевизии и регистарот на радија на Агенцијата и хостирани во Република Северна Македонија;

- печатените медиуми од општ информативен карактер кои објавуваат содржина насочена кон непрекинато информирање на јавноста за тековните политички, економски, социјални и културни прашања, регистрирани и хостирани на територијата на Република Северна Македонија и кои се регистрирани во регистарот на издавачи на печатени медиуми на Агенцијата , и

-електронските медиуми ( портали ) кои ги имаат веродостоен импресум (уредник, редакција), контакт- податоци и адреса, да имаат регистрирано правно лице и хостирано домеин во Република Северна Македонија и транспарентно да ја декларираат сопственоста.

Член 6

(1)Работодавачот -медиум во Месечната пресметка за интегрирана наплата (МПИН образец), што ја поднесува до Управата за јавни приходи, за осигуреникот за кој бара субвенционирање на плаќањето на придонеси во полето 3.23 внесува шифра 630.

(2) Управата за јавни приходи, за осигурениците за кои е одобрено субвенционирање, го намалува износот на обврската за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување за износот на одобреното субвенционирање на придонесите согласно член 3 од оваа уредба со законска сила.

(3) Податоците за одобреното субвенционирање на плаќање на придонеси согласно ставот (2) на овој член, Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 20-ти во месецот за претходниот месец.

(4) Износот на одобрените субвенции на придонеси во претходниот месец го уплатува Министерството за труд и социјална политика на посебни сметки за придонеси од задолжително социјално осигурување на осигуреникот, најдоцна во рок од 10 дена од прием на податоците од страна на Управата за јавни приходи.

Член 7

(1)Работодавачот-медиумот може да користи субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно оваа уредба со законска сила, доколку не е објавен на Листата на должници број 03/2020 објавена од страната на Управата за јавни приходи.

(2)Работодавачот- медиум кој користел субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување должен е да ги врати добиените финансиски средства во целост, доколку по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Државниот инспекторат за труд , се утврди врз основа на решение за утврдена неправилност дека работодавачот - медиум не ги исполнил условите од ставот (1) на овој член и членот 4 од оваа уредба со законска сила.

(3) Рабодотавачот- медиум кој го искористил правото од член 3 од оваа уредба со законска сила, а не ги исполнил условите од членот 4 од оваа уредба со законска сила, должен е да го врати износот на субвенции за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 8

Агенцијата ако утврди дека работодавачот- медиум кој искористил субвенционирање на приодонеси од задолжително социјално осигурување, а не ги исполнил условите од член 5 ставот (5) од оваа уредба со законска сила, во рок од еден ден ја известува Управата за јавни приходи и Државниот инспекторат за труд, за постапување по службена должност.

Член 9

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-5300/1**
**10 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

Подготвил: д-р Стефан Волкановски
Проверил: Љубица Р. Димовска
Снежана М. Пендовски
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: д-р Драги Рашковски

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите

ПРИЛОГ

**БС-ПЗСОМ**

* Пополнува Управа за јавни приходи

Датум и број на прием

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ а) Медиум кој има дозвола за телевизиско или радио емитување, доделена од страна на Агенцијата за Аудиовизуелни Медиумски Услуги на Република Северна Македонија и е регистриран во регистарот на телевизии и регистарот на радија на Агенцијата

☐ б) Печатен медиум од општ информативен карактер кој објавува содржина насочена кон непрекинато информирање на јавноста за тековните политички, економски, социјални и културни прашања, регистриран на територијата на Република Северна Македонија и кој е регистриран во регистарот на издавачи на печатени медиуми на Агенцијата

☐ в) Електронски медиум (портал) кој има веродостоен импресум (уредник, редакција), контакт - податоци и адреса, кој е регистрирано правно лице во Република Северна Македонија и транспарентно ја декларира сопственоста

## Б. НАЗИВ НА МЕДИУМ

Назив на медиум

## В. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Број на вработени

## Г. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА

☐ јуни 2020

☐ јули 2020

☐ август 2020

## Д. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

☐ а) Изјавуваме дека од 15ти март 2020, па се до последниот ден на користење на субвенционирањето, не сме отпуштиле и нема да отпуштиме работник, освен заради случаите наведени во членот 4 од уредбата

☐ б) Исплатената плата на осигуреникот за месец февруари 2020 година за кој се обезбедува субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување не е намалена во периодот на користењето на субвенционирањето и нема да биде намалена два месеци потоа

## Ѓ. ИЗЈАВА ОД ЗАСТАПНИКОТ ПО ЗАКОН ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ

☐ **Изјавувам дека ги разбирам условите под кои се одобрува користењето на оваа субвенција и изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова барање се проверени и целосно вистинити**

## Е. ПРИЛОГ 1)*

Доколку сте избрале поле в) во секција А, задолжително пополнете ги следните полиња:

**1. Одговорното лице на издавачот на медиум**

| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
|---|---|---|---|---|---|

**2. Име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |
| ЕМБГ | | Име и презиме | | Својство | |

**3. Интернет адреса**

| Интернет адреса | |
|---|---|

**4. Каде е хостирана Интернет адресата**

| Хост | |
|---|---|

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| Податоци за обработката | |
|---|---|

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ



Врз основа на Уредбата со законска сила за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите, за остварување на правото работодавачот - медиумот поднесува Барање за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување до Управата за јавни приходи.

Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Даноци http://etax.ujp.gov.mk, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 5 дена од денот на доставувањето на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**
- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.

**А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ** - се означува соодветно поле во зависност од тоа за каков вид на медиум станува збор.

**Б. НАЗИВ НА МЕДИУМ** - внесете го називот на медиумот.

**В. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ** - се внесува бројот на вработени.

**Г. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА** - се одбира само еден од понудените месеци за кој бара субвенција за кој ги исполнува условите.

**Д. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**
**Барателот работодавач** - медиум задолжително ги означува полињата **а** и **б**.

**Ѓ. ИЗЈАВА ОД ЗАСТАПНИКОТ ПО ЗАКОН ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ**
Барателот изјавува дека под целосна материјална и казнена одговорност сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити.

**Е. ПРИЛОГ 1)** - задолжително се пополнува доколку сте избрале поле в) во секција А.
- **Во поле 1** - внесете ЕМБГ и Име и презиме на одговорното лице на издавачот на медиум.
- **Во поле 2** - внесете податоци за редакцијата, односно ЕМБГ, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото со впишување на својството за секое лице.
- **Во поле 3** - внесете ја Интернет адресата (порталот).
- **Во поле 4** - внесете град/држава каде е хостирана Интернет адресата.

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ И ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**
Се пополнуваат податоците за составувачот и подносителот на барањето.